РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

До Државната комисија за спречување на корупцијата, преку web формата на Државната комисија доставено е Барање за мислење, во врска со тоа дали настанува судир на интереси во ситуација кога именувано лице за вршење на функцијата Национален координатор во Владата на РСМ, исто така е изгласан во Собранието на РСМ за член на Комитетот за односи меѓу заедниците како претставник од ромската заедница на предлог на Народниот правобранител без паричен надомест, со оглед на тоа дека во Собранието на РСМ нема пратеник од ромската заедница кој треба да биде член на Комитетот.

Државната комисија за спречување на корупцијата согласно член 17 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија" бр. 12/2019) и член 41 –б од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата бр.02-3794/1 од 08.08.2019 година, бр.03-2198/1 од 12.06.2020 година, бр.02-8774/1 од 17.10.2022 година и бр. 02-3087/1 од 06.12.2024 година, го издаде следното

## М И С Л Е Њ Е

Согласно член 8 став (2) од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси: „Под поимот „службено лице" се подразбираат сите избрани или именувани лица и вработените во јавниот сектор.

Согласно предвидените забрани за вршење на други дејности во Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, како и одредбите кои го регулираат постапувањето во случај на постоење судир на интереси од истиот закон, не постои пречка да се врши функцијата Национален координатор во Владата на РСМ и да биде член на Комитетот за односи меѓу заедниците како претставник од ромската заедница.

Во натамошното извршување на јавните овластувања како Национален координатор во Владата на РСМ, Државната комисија укажува дека во предвид треба да го имаат Начелото на интегритет:

Адреса: ул. Пресвета Богородица број 3, 1000 Скопје - Република Северна Македонија
Adresa: rr. Presveta Bogorodica nr.3, 1000 Shkup - Republika e Maqedonisë së Veriut
email: contact@dksk.org.mk
тел/tel: +389 2 3248 930
https://www.dksk.mk

„(1) Секој е должен во вршењето на функцијата, јавното овластување и службената должност да постапува совесно, стручно, одговорно, чесно, ефикасно и непристрасно.
(2) Службеното лице во извршувањето на јавните овластувања и должности е должно да ги почитува начелото на законитост, начелото на еднаквост, начелото на јавност, етичките норми и професионалните стандарди, без дискриминација или повластување на кој било со целосно почитување на јавниот интерес.
(3) Службеното лице во вршењето на својата функција е должно да внимава на евентуален судир на интереси и при извршувањето на јавните овластувања и должности не смее да се раководи од лични, семејни, верски, партиски и етнички интереси, ниту од притисоци и ветувања од претпоставениот или од друго лице.“

**Заменик претседател,**

**м-р Цвета Ристовска**